# ВОДИЧ ЗА ИКТ НА МЕТАМОРФОЗИС Бр. 5

# БЕЗБЕДНО НА ИНТЕРНЕТ

## БЕЗБЕДНОСТ НА ДЕЦАТА НА ИНТЕРНЕТ: КАКО ВОЗРАСНИТЕ МОЖАТ ДА ИМ ПОМОГНАТ НА ДЕЦАТА ВО ЗАШТИТАТА ОД ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ ОПАСНОСТИ НА ИНТЕРНЕТ, ДОДЕКА ИСТОВРЕМЕНО ИМ УКАЖУВААТ НА СОДРЖИНИТЕ И НА СЕРВИСИТЕ ОД КОИ МОЖАТ ДА ПОЛЗУВААТ КОРИСТ?

Децата и тинејџерите користат интернет за сè и сешто. Најчесто, интернетот е корисно место за нив, благодарение на кое тие стекнуваат нови вештини, искуства и знаења, но истовремено постојат реални потенцијални опасности кои можат да се одразат на нивната приватност и личната безбедност, па дури и да ја доведат безбедноста на целото семејство во прашање. Додека сурфаат на интернет, вашите деца можат да наидат на вознемирувачки информации или фотографии, наивно да прифатат или да споделат фајл, кој може да го изложи целото семејство на опасност од кибер-крадци или да го зарази компјутерот со вируси. Тие можат да бидат пресретнати од ***сајбернасилници (cyberbullies),*** кои ќе се обидат да ги посрамотат или заплашат. Уште полошо, вашите деца без да знаат можат да комуницираат со ***грабливци на интернет (online predators)***, кои го користат интернетот за воспоставување пријателски однос со ранливи деца, се преправаат дека се нивни врсници или пак некој возрасен во кого можат да имаат доверба, за потоа да се обидат да ги наговорат да се сретнат во живо.

Несомнено е дека опасности при користењето на интернетот постојат, особено за децата, но погрешно е заради ова сосема да им го забраните пристапот до сите содржини и можности што тој ги нуди. На тој начин нема да ги заштитите, бидејќи децата користат интернет на разни места: дома, во училиште, кај пријателите и сл., така што невозможно е постојано да имате контрола врз нив, а згора на тоа, ќе им ја скратите можноста да научат и да истражат многу работи и да стекнат нови искуства, кои не би можеле да ги доживеат преку ниеден друг медиум. Потребно е да воспоставите пријателски и фер однос со вашите деца, да ги подучите на работите на кои треба да внимаваат додека се на интернет и да преземете одредени мерки во онаа мера која нема да ја наруши нивната приватност, слобода и право на избор. Вистинскиот баланс меѓу мерките што ќе ги преземете и приватноста, правата и слободите на вашите деца можете да го одредите само вие и тоа во согласност со нивната возраст, условите и со самите нив.

**Водич за безбедно користење на интернетот од страна на децата, наменет за родителите и за наставниците**
Овој водич содржи информации, конкретни совети и упатства, кои ќе им помогнат на родителите во обезбедување поголема заштита на нивните деца додека користат интернет. Истовремено, овој водич им е наменет на наставниците, кои, исто така, влијаат врз навиките, знаењата и ставовите на децата. Во него се содржани и конкретни правила што треба да ги научат и да ги почитуваат децата и тинејџерите. Водичот претставува и богат извор на информации, кои можат да им бидат од полза на новинарите и на медиумите при нивните истражувања. Ова издание, како и сите досегашни водичи што ги има издадено „Метаморфозис" се достапни во електронска форма на веб-сајтот на фондацијата: **www.metamorphosis.org.mk.**
За печатени верзии, пишете на **info@metamorphosis.org.mk.**

Децата често многу подобро ги разбираат можностите што ги нудат современите технологии и интернетот од своите родители. Затоа, за да можете да им помогнете на вашите деца во развивањето правилни интернет-навики, прво треба да се запознаете со основните поими што се врзани со користењето интернет, како и со активностите со кои тие се занимаваат додека се на интернет. Ова е првиот чекор што треба да го преземете во насока на поголема заштита на вашите деца додека користат интернет.

# 1 Чекор бр. 1 – Едукација

Пред и самите да ги разграничите опасностите од интернетот од неговата корист, прво мора да се запознаете со неколку поими што ги опишуваат неговите својства, сервиси, останати можности и сл.

Следните дваесетина поими се основни и задолжителни:

- **Интернет** – низ светот распространета мрежа од компјутери кои овозможуваат лесен пристап до огромен број информации, овозможувајќи им на луѓето да ги најдат и да ги користат тие информации, како и меѓусебно да комуницираат.
- **World Wide Web (WWW, веб)** – сервис на интернет кој нуди неограничен број веб-сајтови, игри, слики, звуци, приказни и други информации поврзани меѓу себе преку линкови.
- **Web page (веб-страница)** – еден документ на вебот кој има уникатна адреса или URL.
- **Website (веб-сајт)** – група слични веб-страници поврзани преку линкови и менаџирани од иста компанија, организација или индивидуа.
- **Адреса** – уникатна локација на секоја веб-страница, веб-сајт, фајл или имејл- корисник.
- **Browser (прелистувач)** – компјутерска програма која овозможува прегледување веб-страници. Најпознати интернет-прелистувачи се Internet Explorer, Mozilla Firefox, Opera и други.
- **Browsing (прелистување)** – гледање веб-страници на интернет, премин од една кон друга веб-страница. Се користат и термините сурфање, навигирање.
- **Links, hyperlinks (линкови, хиперлинкови, врски, хиперврски)** – слика или дел од текст кои кога ќе се кликнат, овозможуваат електронски поврзувања со други содржини, како фотографии, звуци, анимации, видеа или други веб-страници.
- **Bookmark, favorite (обележувач, омилен)** – зачувана врска до одреден веб-сајт или веб-страница, која се додава во посебна листа зачувани врски во прелистувачот. Благодарение на вака зачуваните врски, еднаш посетените веб-страници потоа можете едноставно да ги отворите, без потребата да ги пишувате нивните адреси од почеток.
- **Search engine (пребарувач)** – програма која пребарува информации на веб според клучни зборови што ги внесуваат корисниците и враќа листа со веб-страници кои се поврзани со дадената тема. Најпознати пребарувачи се Google, Yahoo, MSN Search и др.
- **Download (преземање)** – копирање и снимање фајлови на вашиот компјутер. Може да се преземаат веб-страници, документи, слики итн.
- **E-mail (Electronic Mail)** – Електронската пошта или имејл е систем за праќање пораки по електронски пат од еден компјутер на друг. Електронските пораки можат да се праќаат и примаат за неколку секунди, поради што претставуваат многу позгоден начин за размена на пошта во однос на традиционалниот телеграфски начин.
- **SPAM** – непобаран имејл или имејл-порака добиена без специфично барање од страна на примачот.
- **Chat room (соба за разговор)** – локација на интернет која овозможува комуникација со други луѓе на интернет во реално време, односно во живо. Собите за разговор на интернет се особено популарни меѓу тинејџерите и децата.
- **Real time (реално време)** – комуницирање преку интернет во исто време, симултано.
- **Блогот** е дневник на интернет, кој може да содржи и фотографии, линкови и коментари од посетителите.
- **Social Networking Site (сајт за социјално вмрежување)** – нуди можност за креирање лични страници по едноставна постапка, кои претставуваат јавни профили на корисниците, преку кои тие се запознаваат меѓу себе, споделуваат фотографии, интереси и сл. Ваквите сајтови имаат многу голем број корисници, а најголем дел од нив се деца и тинејџери. Најпопуларни сајтови за социјално вмрежување се Hi5, facebook, My Space и др.
- **Форум** – веб-сајт на кој луѓето се собираат за да разменуваат информации на различни теми.
- **Сервис за инстант-пораки (IM – Instant messaging)** – служи за праќање и примање пораки преку интернет во „реално време“ преку користење софтвер за таа намена. Најпознати вакви софтвери се: ICQ, Skype, GoogleTalk, MSN Messenger, Yahoo!Messenger и др.

# Кои се добрите страни на интернетот?

Интернетот нуди многу можности, како за возрасните, така и за децата и тинејџерите. Иако добри страни има многу повеќе, главно тие можат да се сумираат во следните неколку карактеристики:

| | |
|---|---|
| Лесен пристап до многу информации | Купување |
| Брза комуникација без оглед на далечината | Читање вести |
| Неограничени можности за истражување | Играње игри |
| Изведување финансиски и банкарски трансакции | Рекламирање |

## Што прават децата на интернет?

- **комуницираат** со други деца
- посетуваат сајтови со **забавни содржини**
- го користат како **извор на информации** за училишните проекти и за домашните задачи

**Иако неговата корисност натежнува во однос на неговите ризици, сепак, на интернет постојат и опасности.**

Тие произлегуваат од следниве неколку карактеристики на интернетот:

- **обезбедува анонимност** – секој може да си го скрие својот идентитет на интернет

- **не постои ограничување за содржините што можат и што смеат да се објавуваат** – неадекватни содржини за децата:

  – порнографија и друг сексуален материјал
  – застрашувачки фотографии од загинати или тешко повредени лица
  – омраза
  – дрога
  – оружје и насилство
  – неточни и нерелевантни податоци

- **не постои ниту ограничување во поглед на содржините што децата можат да ги објават**
  – користејќи ги програмите за комуникација или сајтовите за социјално вмрежување, многу лесно се откриваат нивните лични податоци, поради што е можна и нивна злоупотреба од страна на други.
- **постојат вируси и хакери**
  – неправилно функционирање на системот, губење податоци, оштетување или целосно уништување на некои хардверски компоненти.
- **постојат законски и финансиски опасности**
  – нелегално користење заштитени содржини, злоупотреба на можноста за изведување финансиски трансакции и сл.



### Статистички факти од светот

(според http://www.familysafemedia.com и други извори)

- Секое трето дете во информатичкото општество има свој веб-сајт или блог.
- Едно истражување спроведено на тинејџери на возраст од 15 до 24 години, покажало дека 59% од нив мислат дека гледањето порнографија на интернет ги охрабрува младите да имаат секс пред да бидат подготвени за тоа.
- 12% од сите веб-сајтови се порнографски.
- 90% од децата на возраст од 8 до 16 години имаат видено порнографија на интернет и тоа најчесто случајно.
- 11 години е просечната возраст на која децата првпат се изложени на порнографија на интернет.

## Статистички факти од светот

(според http://www.familysafemedia.com и други извори)

- Најмногу порнографија на интернет се консумира на возраст од 12 до 17 години.
- Порнографската интернет-индустрија покажува дека 20-30% од сообраќајот на ваквите сајтови го остваруваат децата.
- Дневно се испраќаат по 2,5 милијарди порнографски имејл-пораки.
- 26 имиња на детски карактери (покемон, екшн мен и др.) водат до илјадници порносајтови.
- 27% од децата на возраст од 7 до 17 години слободно би ја дале својата домашна адреса преку интернет, додека 14% – својата имејл-адреса.
- 40% од тинејџерите имаат оставено лични информации за себе на интернет за да можат други да контактираат со нив.
- Едно од пет деца што користат соби за разговор биле контактирани од педофил на интернет.
- Две од пет грабнувања на жртви на возраст од 15 до 17 години се случиле како последица од користење интернет.
- 76% од случаите на сексуална експлоатација иницирана преку интернет биле деца на возраст од 13 до 15 години. 75% биле женски. Повеќето случаи прогресирале во средби во живо, а 93% од овие средби вклучувале нелегален секс.
- Во текот на една година, во просек, едно од пет деца добиле сексуален предлог преку интернет, а само 25% од нив им кажале на своите родители за тоа.
- 89% од сите сексуални барања се реализираат преку чет или преку инстант- пораки.

## Каква е сликата во Македонија?

Во последно време, до Дирекцијата за заштита на личните податоци сѐ почесто стигнуваат известувања за злоупотреба на личните податоци на интернет, конкретно преку веб-сајтовите за социјално вмрежување (како Hi5, My Space, facebook и др.). Според последните податоци, 10% од вкупно добиени барања од граѓаните се однесуваат на злоупотреба на личните податоци на интернет. Меѓутоа, реалната бројка е многу голема ако се земе предвид дека во Дирекцијата секојдневно се јавуваат граѓани што бараат совети и помош во врска со овие работи.

Следниот случај зборува за злоупотреба на лични податоци на возрасни луѓе предизвикана и реализирана од страна на средношколци.

Во последно време, зачестена е појавата на креирање лажни профили, односно лични веб-страници во туѓо име. Пред извесен период, Дирекцијата доби известување од едно скопско средно училиште дека е извршена злоупотреба на личните податоци на професорите на еден од веб-сајтовите за социјално вмрежување, со што беше повредена нивната личност, но и угледот на училиштето. Секој од профилите содржеше лични податоци, име и презиме, податоци за полот и возраста, но и други навредливи и погрдни содржини. Креативните творци отишле до таму што објавиле и лични претставувања, сведоштва и фотографии од лицата на чие име ги креирале профилите, а во кои беа објавени лажни детали за приватниот живот на членовите на семејствата на професорите, како и лажни информации од нивниот професионален живот. Во делот на веб-сајтот предвиден за комуникација на регистрираните корисници беше објавен лажен разговор меѓу професорите, кој се однесуваше на одложување на тестови и испрашувања, вклучуваше комуникација со учениците, но во голем дел содржините беа крајно вулгарни. Иако станува збор за веб-сајт регистриран во Соединетите Американски Држави и Дирекцијата нема надлежност да поведе постапка против овој контролор, таа како орган кој ја штити приватноста на сите граѓани на Република Македонија веднаш се обрати до тимот на порталот и лажните профили беа избришани во рок од неколку часа.

Ваквиот вид нарушување на приватноста на професорите не е појава само во средните училишта во Република Македонија. Набрзо

по откривањето на овој случај, Дирекцијата доби известување дека истото се случило и во едно основно училиште. Препорака до сите што ќе забележат неправилно објавување на личните податоци на некој од веб-сајтовите за социјално вмрежување е веднаш да ја известат Дирекцијата за заштита на личните податоци за тие неправилности да бидат што побрзо отстранети. Дирекцијата е во постојана соработка со тимовите на веб-сајтовите за социјално вмрежување, што придонесува за брзо и ефективно откривање и решавање на проблемите врзани со повредата на личните податоци. Сепак, најважно е сите оние што користат ваков тип веб-сајтови да внимаваат кога објавуваат свои, но и туѓи податоци на интернет.

Децата и тинејџерите се често и жртви на злоупотребени лични податоци. Еве случај кој е пријавен до Дирекцијата и кој зборува за тоа:

Најчеста злоупотреба на личните податоци на децата на интернет се случува преку злоупотреба на корисничките имиња и лозинките од нивните лични страници креирани на веб-сајтовите за социјално вмрежување. Во еден од пријавените случаи беа пробиени не само корисничкото име и лозинката за пристап до личниот профил, туку и лозинката за пристап до личната електронска пошта, преку имејл-адресата, која тинејџерката ја оставила за контакт. Откриен бил дури и одговорот на тајното прашање кој е клуч за влез во сопствената електронска пошта, во случаи на заборавање на лозинката. Провалникот на корисничките имиња и лозинките поставил вулгарни содржини и фотографии на личната страница на тинејџерката, со што сериозно ја нарушил нејзината приватност.

## Разберете го јазикот на интернетот на децата и на тинејџерите

Можеби некогаш ви се случило да поминете покрај мониторот додека вашето дете разговара со некои од своите пријатели на интернет преку програмите за чет или за инстант-пораки, при што погледот случајно ви застанал на некои нејасни симболи и скратеници заради кои можете да си помислите многу работи. Не мора детално да го истражите јазикот на кој комуницираат младите на интернет, но некои од основните изрази и симболи е добро да ги знаете. Ова може да ви помогне во две работи: може да ја зајакне вашата меѓусебна комуникација преку чет, СМС и имејл и да ви даде појасна претстава за тоа што разговараат тие со пријателите на интернет. Не мора да значи дека кога користат симболи и скратеници тие нешто кријат, најчесто само сакаат да ја зачуваат својата приватност. Сепак, има и такви кои директно вам ве вклучуваат во игра. Како и да е, некои од попознатите скратеници пожелно е да ги знаете за да можете подобро да ги разберете активностите на вашето дете на интернет. Еве некои:

**LOL** - Laughing out loud – гласно се смеам
**ROFL** - Rolling on floor laughing – се виткам од смеење на подот
**JK** - Just kidding – само се шегувам
**AFK** - Away from keyboard – далеку од тастатура
**BAK** - Back at keyboard – назад на тастатура
**BRB** - Be right back – веднаш ќе се вратам
**L8R** – Later - подоцна
**CUL (CUL8R)** - See you later – се гледаме подоцна
**PRW** - Parents are watching – родителите гледаат
**PIR** - Parent in room – родител во соба
**ASAP** - As soon as possible – што поскоро, тоа подобро
**MIRL** - Meet in real life – да се сретнеме во реалниот живот
**F2F** - Face to face – лице во лице
**SYS** - See you soon – се гледаме наскоро
**OMG** - Oh my God – о господе
**WTH** - What the hell – што по ѓаволите
**CD9** - Code 9: Parents nearby – родител во близина
**POS** - Parent over shoulder – родител сирка преку рамо
**IRL** - In real life – во реалниот живот
**A/S/L** - Age/Sex/Location – возраст/пол/локација

Повеќето вакви кратенки се безопасни и младите сакаат да ги користат како дел од нивниот стил на изразување, кој е својствен за нив и за нивните врсници, но со некои треба бидете добро запознаени бидејќи директно можат да влијаат врз нивната безбедност. На пр. скратеницата A/S/L е една од најстарите и најпопуларните, но според едно истражување, родителите најмалку го знаат нејзиното значење (92% од испитаниците). Штом се вклучи оваа скратеница во разговорот, треба да знаете дека вашето дете разговара со непознат и многу е веројатно дека ќе размени многу лични податоци со него. Не треба да го забранувате запознавањето пријатели на интернет, но мора да бидете во тек со актуелните пријателства на интернет на вашето дете, во случај тоа да посака да се сретне со некој од нив во живо.

Покрај скратеници, децата, па и постарите, користат доста симболи со кои се изразуваат разни емоции што го придружуваат текстуалниот дел од разменетите кратки пораки.

Тие се сосема безопасни, но доколку сакате повеќе да им се доближите на вашите деца, почнете да ги применувате во меѓусебната комуникација. Најчесто нема потреба да знаете како да ги испишете за да се појави сакaниот симбол, бидејќи во повеќето програми за чет и размена на кратки пораки, како и во некои имејл-сервиси, тие се вклучени како готови графички елементи, кои само треба да се изберат. Но, доколку почесто комуницирате преку СМС-пораки со вашите деца, не заборавајте да се насмеете **:)**, гласно да се насмеете :D, да се налутите >:( или да им намигнете ;), секако во соодветната ситуација и контекст.

Уште еден совет за родителите што немаат многу искуство со комуникација преку интернет: големите букви кога се користат на интернет значат викање, затоа избегнувајте ја нивната употреба за да не бидете погрешно разбрани!

## 2 Чекор бр. 2 – Поставете неколку основни правила

Децата треба да знаат под кои услови, во кои периоди и на кој начин смеат да користат интернет. Овие услови одредете ги вие. Почнете, на пример, со тоа дека може да одат на интернет само доколку претходно си ги завршат училишните обврски.

## 3 Чекор бр. 3 – Компјутерот на централно место

Поставете го компјутерот на централно место во собата или во училницата за да можете да погледнувате од време на време што прават вашите деца. Ова е важно за да можете да забележите доколку вашите деца случајно наидат на содржини кои не се соодветни на нивната возраст и интереси.

## 4 Чекор бр. 4 – Поставете временско ограничување

На децата не треба да им дозволите да поминуваат повеќе од 1 до 2 часа пред компјутерскиот монитор на ден. За децата до 7-годишна возраст, најдобро е да прелистувате низ содржините заедно со нив, додека за постарите деца, важно е да одредите каде смеат, а каде не смеат да одат додека се на интернет, пред да почнат со активности на интернет.

# Чекор бр. 5 – Научете ги децата на безбедно и одговорно однесување на интернет

5

## Чување на личните податоци

Кажете им на вашите деца дека **не смеат да ги делат своите лични податоци со непознати луѓе на интернет** и потсетете ги дека **треба да ги користат поставките за приватност на нивните лични страници за социјално вмрежување**. Информациите што ги оставаат за себе таму, треба да бидат приватни, односно ограничени за пристап. Доволно е ваквите информации да бидат видливи само за нивните пријатели и семејството. Тие не би сакале да ги прикажат информациите кои утре можат да им застанат на патот до факултетот на кој ќе сакаат да студираат или работата што ќе сакаат да ја работат. Потсетете ги и дека **не е културно да се откриваат лични податоци за нивните другари и семејството**. **Кога објавуваат фотографии, треба да ги прават приватни и да не им поставуваат *тагови*** (етикети со кои се опишуваат присутните на фотографијата).

Децата треба да запомнат дека **лозинките се само** за нив и да **внимаваат никогаш да не ја вклучуваат опцијата за автоматско помнење на корисничкото име и лозинката кога проверуваат имејл или кога користат програми за разговор од јавен компјутер**.

## Среќавање во живо

Научете ги децата да не се среќаваат во живо со луѓето што ги запознале на интернет. Доколку вие се согласите вашето дете да се сретне со некој свој пријател на интернет, најдобро е да појдете со нив и средбата да се оствари на јавно место. Тинејџерите кои веројатно нема да сакаат да одат со возрасен, треба со себе да земат барем еден свој пријател.

## Однесување на интернет

За децата многу е полесно да се однесуваат непристојно на интернет, отколку во живо. Кон ова придонесува можноста за користење прекари, кои ги кријат вистинските виновници за некоја лоша порака, а ваквите пораки, пак, можат лесно и брзо да се рашират до сите деца од училиштето. Оваа појава е позната под името ***сајбернасилство (cyberbullying)***.

Едно правило до кое децата мора да се придржуваат гласи: **ако некому нешто не би му кажал во лице, не му го кажувај ниту преку имејл, СМС, чет и инстант-пораки и не го поставувај на нечија страница.**

За да се заштитат самите од несакани, навредливи или заплашувачки имејл-пораки, посочете им дека **можат да ја користат опцијата за филтрирање непосакуван имејл** преку сервисот што им ја овозможил нивната имејл-адреса. Повеќе информации за блокирање имејл-пораки од непожелни испраќачи ќе најдете на: http://www.bezbednonainternet.org.mk/blokiranje

**Научете ги децата да објавуваат содржини со одговорност.** Тие треба да ги погледнуваат условите за користење на сервисите пред нешто да решат да објават со помош на нив. Исто така, доколку забележат некоја несоодветна содржина, доколку постои опција, можат да ја означат како таква за да оневозможат и други деца да наидат на неа. Ваква можност на пр. има сервисот YouTube, кој овозможува поставување знаменца на несоодветните видеа, по што тие можат да бидат избришани.

## Проверка на веродостојноста

Потсетете ги децата дека **сè што е објавено на интернет, не значи дека мора да биде точно**. На содржините треба да се гледа критично, информациите треба да се проверуваат од повеќе извори, како и да се проверува авторот на текстот кој планираат да го земат како основа за својот училиштен проект или за некоја своја лична активност. Научете ги како да разликуваат веродостојна од неверодостојна содржина и потсетете ги дека копирањето текстови од некој веб-сајт може да претставува плагијат. За препознавање на веродостојноста на веб-сајтовите, детално информирајте се овде: http://www.bezbednonainternet.org.mk/doverba

# 6 Чекор бр. 6 – Филтрирање, надгледување и родителска контрола

Како посериозна мерка што можете да ја преземете во насока на обезбедување на сигурноста на вашите деца на интернет е користењето специјални софтвери за филтрирање, надгледување и родителска контрола, како и приспособување на готовите поставки за безбедност на сајтовите што тие ги користат. Ваквите софтвери се многу погодни за контролирање на активностите на интернет на помалите деца, иако некои од опциите што тие ги поддржуваат, можат да се применат и врз тинејџерите. Децата и тинејџерите и самите мораат да научат како да останат безбедни на интернет, бидејќи невозможно е родителите и наставниците да го надгледуваат секој нивен потег на интернет.

Постојат неколку начини за контролирање на активностите на децата додека се тие на интернет. Ако само сакате да знаете кои страници ги посетиле вашите деца, погледнете ја листата на страници во менито History (Историја). Од друга страна, можете да користите софтвер за филтрирање непристојни содржини или барем да ја активирате опцијата за безбедно пребарување во рамките на пребарувачот што го користите. На пр. Од главната страница на пребарувачот Google, кликнете на копчето Options, а оттука изберете Search Settings. Во делот SafeSearch filters, со помош на лизгачот одредете го степенот на филтрирање на експлицитни содржини. На тој начин можете да спречите тие при пребарувањето да дојдат до очите на вашите деца. Доколку сте најавени, опцијата со безбедносните поставки ќе ја најдете преку делот Account Settings.

Следните неколку софтвери се повеќенаменски, вклучуваат многу опции за филтрирање, надгледување и за ограничување на содржините и активностите на интернет. За да воспоставите родителска контрола врз активностите на интернет на вашите деца, изберете го оној што вам најмногу ви одговара.

**1. Crawler Parental Control** е еден од ретките бесплатни, сеопфатни и целосно функционални софтвери за родителска контрола. Веднаш по инсталирањето се дава администраторска лозинка, која на родителот му овозможува да ги направи саканите приспособувања за секој корисник на компјутерот поединечно. Софтверот овозможува контролирање на времето што корисникот го поминува на интернет, како и ограничување на времето што тој воопшто смее да го помине на компјутер. Може да се наведат одредени веб-сајтови кои корисникот не смее да ги посетува, такви кои за него ќе бидат дозволени, како и зборови кои доколку се пронајдат на некоја веб-страница, ќе го оневозможат пристапот до неа.

Crawler Parental Control овозможува и ограничување на пристапот на корисниците до одредени папки или пак до цели дискови на компјутерот. Ова ограничување може да биде целосно или да важи за одредени периоди од неделата и од денот, а постои и опција за одредување дозволен број часови кои корисниците смеат да ги поминат во текот на месецот, неделата и денот. Секако може да се блокираат и одредени програми, како и да се забрани пристапот до одредени системски локации заради спречување промени кои можат да ја оневозможат правилната работа на системот.

За сево ова, вие како родител, доколку сакате можете да добивате извештаи.

**Линк за преземање:**
**http://0.mk/CrawlerParentalControl**






2. **Glubble** е многу популарна фамилијарна алатка, која се користи како додаток за интернет-прелистувачот Mozilla Firefox. Иако неговата употреба е ограничена само за овој прелистувач, може да се користи на сите оперативни системи.

Со помош на овој додаток, прелистувачот се дели на два дела, при што едниот го користат и администрираат родителите, додека вториот им е наменет на децата. За секое дете може да се изработи посебен профил, кој ќе овозможува активности на интернет приспособени на неговата возраст.

На почетокот родителот задава администраторска лозинка, благодарение на која ќе може да ги прави саканите приспособувања, како и да го користи прелистувачот за своите потреби. Во моментот кога некое од децата ќе сака да користи прелистувач, едноставно треба да си го избере својот профил. Ќе добие сосема нова средина, преку која ќе може да сурфа низ предефинираната листа едукативни и забавни веб-сајтови, да побара посетување нови, посебно интересните сајтови со само еден клик да ги сместува во колекцијата омилени или да остава пораки до останатите членови на семејството. Можностите за пребарување се ограничени на безбедни поими. Досегашните избрани содржини кои се дел од Glubble се на англиски јазик, но вие едноставно можете да ги додавате и македонските. Планирано е до крајот на 2008 година интерфејсот на програмата да стане достапен уште на многу други јазици.

Glubble во својата основна форма е бесплатен за преземање и за користење, додека планирано е развивање и на збогатена комерцијална верзија.

**Линк за преземање: http://0.mk/Glubble**




3. **K9 Web Protection** е бесплатна алатка за филтрирање веб-содржини и воспоставување родителска контрола врз активностите на децата додека се на интернет. За неговата употреба потребна е лиценца, која бесплатно можете да ја добиете преку имејл доколку ја поминете постапката за регистрација.

Овој софтвер е специфичен бидејќи се конфигурира од самиот интернет-прелистувач. Тоа значи дека тој го заобиколува проблемот на некои програми што се достапни само за одредени интернет-прелистувачи. Уште една позитивна карактеристика е поддршката за последните неколку верзии на Windows оперативните системи, вклучително и за Windows Vista, а најново е неговото издание приспособено за Macintosh системите.

Што можете да приспособите со K9 Web Protection? – Со ова мало парче софтвер, пред сè, можете да го одредите нивото на заштита за саканиот кориснички профил на системот, чие прекршување ќе го оневозможите со лозинка. Можете да избирате меѓу неколкуте дадени нивоа на заштита, кои вклучуваат забрана за посетување одреден тип содржини или пак листата забранети содржини да ја приспособите сами. Понатаму, можете да воспоставите периоди од денот во кои ќе го забраните користењето на прелистувачот, како и периоди во кои ќе го дозволите. Одредени веб-сајтови можат да бидат забранети за пристап, додека други да бидат секогаш дозволени. Забраната може да се воспостави и врз основа на дадени клучни зборови, како и да се избере начин за известување и казнување доколку се направи обид за пристап до некоја од забранетите содржини.

Веројатно, една од позначајните работи што ги овозможува овој софтвер е деталниот систем за известување, преку кој можете да добиете целосно јасна слика за активностите на интернет на вашето дете.

**Линк за преземање:**
**http://www1.k9webprotection.com**



4. Можеби нема да имате потреба од дополнителен софтвер за родителска контрола доколку ги користите **Windows Vista** и **Windows 7** верзиите на Windows оперативниот систем . Имено, сега родителите, благодарение на алатката **Parental Controls**, која се наоѓа во Control Panel, можат да креираат посебни кориснички профили за нивните деца и тоа соодветни на нивната возраст и лични интереси. Притоа, како што детето расте, корисничките профили за користење на компјутерот може да се менуваат.

   Од оваа централна локација, можете да конфигурирате родителски контроли за вашиот компјутер. Доколку родителската контрола ви е исклучена, најпрво вклучете ја, а потоа веќе ќе можете да го ограничите користењето на одредени апликации од страна на вашето дете, играњето игри, веб-сајтовите кои тоа може да ги посетува и времето во текот на денот кое му е дозволено за сите овие активности.
   **Parental Controls** доаѓа како вградена алатка во **Windows Vista** и **Windows 7,** така што нема потреба од дополнително преземање и инсталација, иако самиот оперативен систем не е бесплатен. Бидејќи се работи за Мајкрософтов производ, се подразбира дека ограничувањето на веб-активностите се однесуваат на интернет-прелистувачот Internet Explorer. Овој недостаток може да се надмине со забрана за користење на останатите апликации.

5. Корисниците на последната верзија од Mac OS X системите – **Leopard** можат да ја искористат алатката за родителска контрола, која следува со самиот систем. Понудените опции за приспособување се стандардни и овозможуваат ограничен пристап до одредени веб-сајтови, временско ограничување, како и надгледување на сите активности кои детето ги правело на интернет: посетени веб-страници, користени апликации и луѓе со кои тоа комуницирало преку чет.

6. Корисниците, пак, на Linux оперативните системи веројатно ќе сакаат да ги искористат додатоците за Mozilla Firefox ,кои секако се функционални и за останатите системи. Некои од нив се: Glubble, ProCon и LeechBlock. **ProCon** овозможува филтрирање на веб-сајтовите со непожелна содржина за децата или овозможување пристап само до одредени дозволени веб-локации. **LeechBlock,** пак, овозможува посеопфатно филтрирање на различните веб-локации, назначување непожелни содржини од страна на корисникот, како и временско ограничување за посета на одредени веб-сајтови. Сите овие алатки можат да се надградат на прелистувачот преку опцијата за проширување со нови додатоци.






**Алтернативен софтвер за родителска контрола (бесплатен и комерцијален)**

### Safe Chat Universal Messenger

**опис:** обединува повеќе програми за комуникација на интернет, ги блокира другите вакви програми, вклучително и веб-базираните и одредува со кого децата смеат да комуницираат, колку време и кои зборови притоа не смеат да ги користат
**адреса:** http://www.zihtec.com
**лиценца:** 14 дена тест- период, цена: $34.95

### Golden Eye

**опис:** моќен софтвер за шпионирање и надгледување на сите активности на компјутер: внесување лозинки и други податоци, посетени веб-страници, користени апликации и сето тоа потврдено со слики фатени во моментот на користење
**адреса:** http://www.monitoring-spy-software.com
цена: $29,95

### Safe Eyes

**опис:** ги обединува сите опции потребни за родителска контрола: ограничува пристап до одредени типови веб-сајтови и програми, го ограничува времето за разни активности на интернет, чува забелешки за активностите и известува за прекршувањата на неколку начини
**адреса:** http://www.internetsafety.com
**лиценца:** $49,95

### Web Watcher

**опис:** еден од најдобрите софтвери за интернет- филтрирање, блокирање програми, временско ограничување и напредно надгледување на активностите на детето додека го користи компјутерот
**адреса:** http://www.webwatchernow.com
**лиценца**: $97.00

### Cyber Patrol

**опис:** програма за родителска контрола со богат избор на опции за филтрирање, блокирање програми, менаџирање на дозволеното време и надгледување, наменета за понапредни корисници
**адреса:** http://www.cyberpatrol.com
**лиценца**: 14 дена тест-период, цена: $39.95 годишно

### Net Nanny

**опис:** софтвер за родителска контрола со филтрирачки карактеристики, можности за блокирање чет- програми и програми за делење фајлови, групи (newsgroups) и послаби можности за надгледување на активностите
**адреса:** http://www.netnanny.com
**лиценца:** 15 дена тест период, цена: $39.99 годишно

### We-Blocker

**опис:** блокер на несакани веб-содржини со основни функционалности
**адреса:** http://www.safefamilies.org
**лиценца**: бесплатна

### FreeShield

**опис:** бесплатен алатник за детекција и отстранување содржини за возрасни
**адреса:** http://0.mk/FreeShield
**лиценца**: бесплатна

### ChatShield

**опис:** бесплатен блокер на несакани контакти од Windows Live Messenger, кој ограничува контактирање со деца на одредена возраст
**адреса:** http://www.chatshield.com
**лиценца**: бесплатна

### File Sharing Sentinel

**опис:** ги блокира peer-to-peer програмите и ги штити децата од изложување на порнографија и користење заштитени содржини, а компјутерот го штити од spyware
**адреса:** http://www.akidthaine.com
**лиценца**: бесплатна

### Parental control bar

**опис:** овозможува филтрирање на несакани веб-содржини и нуди едноставен премин од родителскиот режим заштитен со лозинка во режимот за децата
**адреса:** http://www.parentalcontrolbar.org
**лиценца**: бесплатна

### KidZui

**опис:** прелистувач за деца на возраст од 3 до 12 години. На децата им овозможува доживување на мултимедијалните интернет-искуства, додека на родителите им овозможува родителска контрола.
**адреса:**http://www.kidzui.com
**лиценца**: бесплатна

Софтверот за родителска контрола е одличен начин за контролирање, ограничување и за надгледување на активностите на децата додека се на интернет. Но, нивната безбедност не е единственото нешто што може да се доведе во прашање како резултат на несоодветно користење на интернетот. Безбедноста на целото семејство, па и на компјутерот кој сите го користите, исто така, можат да бидат загрозени. Затоа, треба да разговарате со вашите деца и да им упатувате корисни совети, како и да научите како да се грижите за вашиот компјутер за да го обезбедите неговото правилно функционирање. На оваа тема, детално можете да се информирате овде:
**http://www.bezbednonainternet.org.mk/resursi**




## 7 Чекор бр. 7 – Семеен правилник

Изработете семеен правилник или искористете го оној на последната страница. Откако ќе се потпишат сите членови на семејството, поставете го на ѕидот покрај компјутерот.

### Насоки за користење интернет според возраста на децата

#### до 10 години

Децата на оваа возраст треба да ги надгледувате за да можете да бидете сигурни дека не се изложени на несоодветни содржини. Родителите, чии деца се на возраст до 10 години, треба да користат алатки за безбедно користење интернет за да го ограничат пристапот до одредени содржини, веб-сајтови и активности, како и да бидат активно вклучени во активностите на детето на интернет.

#### 11-14 години

Децата на оваа возраст се повешти кога користат интернет. Како и да е, нив и понатаму им треба надзор за да се осигури нивната заштита од несоодветни содржини. Алатките за безбедно користење интернет треба да се применат за ограничување на пристапот до одредени содржини и веб-сајтови, како и за добивање извештаи за активностите на децата додека биле на интернет. Исто така, децата на оваа возраст мора да разберат дека лични информации не смеат да се даваат преку интернет.

#### 15-18 години

Децата на оваа возраст речиси не треба да имаат ограничувања во поглед на содржините, веб-сајтовите и активностите. Тинејџерите се доста вешти во користењето интернет. Сепак, родителите треба и нив да им определат некои основни безбедносни насоки. Треба да им бидат на располагање за да ги разберат несоодветните пораки кои нивните деца ги примиле и да им кажат како да избегнат небезбедни ситуации. Не е лошо и да ги потсетите децата кои лични податоци не треба да се даваат преку интернет.

Поопширни совети за заштита на вашите деца на интернет според нивната возраст можете да добиете овде:
**http://www.bezbednonainternet.org.mk/upatstva.**

# За наставниците

**Совети за безбедно користење интернет: намалување на опасностите во училницата**

Следните насоки презентираат неколку основни стратегии кои ќе им помогнат на наставниците и на професорите да ги намалат ризиците поврзани со интернет- активностите на учениците:

1. **Научете сѐ што можете за интернетот.**
2. **Дознајте какви интернет-навики имаат учениците** – каде, колку често и колку долго се тие на интернет
3. **Потрудете се мониторите во училницата да бидат постојано видливи за вас.**
4. **Информирајте ги родителите** – праќајте им писма, повикајте ги на разговор и организирајте едукативни работилници за заинтересираните
5. **Запознајте се со политиката за користење интернет, која важи во училиштето во кое предавате, доколку има таква.**
6. **Креирајте меѓусебен договор за користење интернет во училницата** – одредете кои активности се дозволени за учениците, а кои не се, кои сајтови смеат, а кои тие не смеат да ги посетуваат и вклучете ги и нив во изработката на договорот
7. **Креирајте листа препорачани линкови и ресурси за домашните и за училишните задачи.**
8. **Учете ги децата да не ги даваат своите лични податоци на интернет.**
9. **Поттикнувајте отворени дискусии со постарите ученици за нивното однесување на интернет.**
10. **Пријавете каква било содржина на интернет или активност, за која се сомневате дека може да е нелегална.**

Повеќе за вашата улога во заштитата на децата додека користат интернет на училиште, правилата што треба да ги имате предвид во согласност со нивната возраст, како и идеи и ресурси што можете да ги користите во образовниот процес ќе најдете на **http://www.bezbednonainternet.org.mk/nastavnici.**

Слика од едукациите за безбедно користење на интернет во Охрид



# Семеен интернет-правилник

1. Нема да гледам, преземам или да копирам несоодветен или сомнителен материјал. Ако не сум сигурен за нешто дали е ОК, прво ќе прашам. Ако видам нешто несоодветно или искусам нешто на интернет што ќе ме вознемири, ќе им кажам на моите родители. Нема да чувам тајни на интернет од моите родители.
2. Нема да ги давам моите лични информации (моето вистинско име, возраста, адресата, телефонскиот број, името на училиштето, лозинките и мојот изглед) никому на интернет, ниту ќе пополнувам формулари на интернет за себе без одобрение од моите родители или старатели. Никогаш нема да праќам слики без да добијам специјална дозвола.
3. Нема да се договарам да се сретнам со некого во живо, со кого сум се запознал на интернет без да добијам дозвола од родителите. Ако добијам дозвола за средба, се сложувам да појдам со некој возрасен на јавно место. Нема да се договарам да остварувам телефонски разговори со некого кого сум го сретнал на интернет без дозвола од родителите. Јасно ми е дека луѓето може да не се тие што се претставуваат на интернет.
4. Секогаш ќе бидам учтив кога ќе комуницирам со други, нема да користам лош јазик, да ги навредувам луѓето или да бидам непристоен. Ќе ја почитувам приватноста на моите пријатели и на семејството.
5. Нема да купувам производи или сервиси на интернет без одобрение и помош од моите родители.
6. Нема да одговарам на имејл-пораки или инстант-пораки што сум ги добил од некој што не го познавам.
7. Ќе ги почитувам правилата од моите родители или старатели во врска со периодите во кои можам да го користам компјутерот, временските ограничувања за користење, како и кои игри и програми смеам, а кои не смеам да ги користам.
8. Ако имам помалку од 16 години, нема да користам соби за разговор (chat rooms), туку само програми за инстант-пораки и ќе комуницирам само со оние контакти кои моите родители или старатели ќе ги одобрат.
9. Нема да инсталирам софтверски програми без да добијам дозвола. Јасно ми е дека програмите за размена на фајлови преку peer-to-peer како Kazaa, Limewire или BearShare не се дозволени.
10. Нема да го користам компјутерот за да правам нелегални работи, што значи и дека нема нелегално да преземам софтвер, музика или филмови.
11. Овие правила важат каде и да сум (дома, кај другар или другарка, во училиште или во интернет-клуб)
12. Јасно ми е дека прекршувањето на овие правила може да резултира со одземање на компјутерот и спремен сум да ги поднесам последиците.

Се согласуваме со горните правила.

Потпис на децата: Потпис на родителите:

____________________ ____________________

____________________ ____________________

____________________

# За проектите за безбедност и приватност на децата на интернет

Интернетот е место на кое може да се стекнуваат и дополнуваат знаења, да се оформуваат и зацврстуваат контакти и да се истражуваат нови работи. И покрај овие огромни можности, постојат и бројни опасности од кои особено страдаат децата и тинејџерите, како резултат на нивната наивност и неискуство. Затоа, потребно е тие да знаат некои основни правила кои треба да ги почитуваат додека користат интернет, а соодветни знаења треба да стекнат и возрасните за да можат правилно да ги насочат во процесот на воспитување и образование.

**CRISP - Заштита и безбедност на децата и нивните права на интернет (октомври 2007 – ноември 2008)**

Во рамките на овој проект беа издадени четири типа печатени публикации на македонски и на албански јазик, кои се дистрибуираа низ училиштата во Македонија: брошура за заштита на личните податоци и приватноста на интернет, постер, кој ја содржи повелбата за правата на децата на интернет; леток за вешто користење на интернетот и овој водич наменет за наставниците и за родителите. Во исто време е развиен официјалниот веб-сајт на проектот, достапен на македонски и на албански јазик.



Клучна активност беше одржувањето едукативен семинар на кој учествуваа наставници и претставници од 11 НВО од Македонија, кои формираа мрежа за безбедност на децата на интернет. Знаењата кои тие ги стекнаа во оваа област, потоа ги пренесоа врз 8.500 деца од 70 училишта во Македонија, како и врз 2.300 наставници и родители.

Проектот CRISP се спроведуваше во соработка со Дирекцијата за заштита на лични податоци, во партнерство со Првата детска амбасада во светот „Меѓаши", и со финансиска поддршка од ЕУ.

**Приватност на интернет на лесен начин (октомври 2010 – јуни 2011)**

Целта на овој проект беше да се подигне свеста на децата за заштита на приватноста на интернет, преку забавни содржини и иновативен пристап. Во рамките на овој проект беа развиени: дивиди со 13 кратки едукативни филмови и 10 онлајн анимирани едукативни игри на разни теми како: злоупотреба на мобилните телефони, сајбернасилство, онлајн-грабливци, зависност од игри, плагијат, чување лозинки и други, постер со 10 заповеди за безбедно сурфање на интернет, кој содржи 10 важни пораки на разните теми опфатени во филмовите и игрите; брошура на тема Сајбернасилство... и тоа е насилство!, богата со вистински примери на сајбернасилство од светот и од кај нас, со многу препораки, совети, брзи упатства и илустрации.

Дополнително, беа одржани 12 проекции на филмовите во Скопје, Штип, Неготино, Велес, Тетово, Гостивар, Битола, Дебар, со кои беа опфатени околу 600 деца од 14 училишта. Со прикажување на мултимедијалните содржини, учениците се информираа за важните прашања поврзани со примената на интернетот во нивното секојдневие.

Освен за учениците беа одржани и презентации за наставниот и педагошкиот кадар, а целта беше дискутирање на потенцијалните опасности на интернет, начините за нивно спречување и контролирање, особено во рамките на училиштето. Проектот се спроведуваше во соработка со Детскиот театарски центар и финансиска поддршка од ФООМ.

**Како до приватност на интернет? (јануари – септември, 2012 година)**

На почетокот на оваа година, започна проектот Како до приватност на интернет?, кој се надоврзува на претходните проекти и претставува продолжување на иницијативата и напорите на Метаморфозис за подигање на свеста за заштита на приватноста и безбедноста на интернет, особено кај младите.

Сите публикации, информации и резултати од спроведените едукации и анализи се презентирани на веб-сајтот. Сите изработени материјали се достапни на македонски и албански јазик.

Направете краток едукативен филмски маратон со филмовите достапни на **www.bezbednonainternet.org.mk/filmovi,** или претворете го учењето во забава со кратките анимирани игри достапни на **www.bezbednonainternet.org.mk/igri.**




**Безбедно на интернет**
**(http://www.bezbednonainternet.org.mk)**
Овој веб-сајт е создаден да придонесе кон поголема безбедност и заштита на правата и приватноста на децата на интернет. Сајтот беше создаден како дел од проектот Заштита и безбедност на децата и нивните права на интернет (Children's Rights on the Internet – Safe and Protected) или скратено CRISP, кој го спроведе Метаморфозис со финансиска поддршка од Европската Унија. Тој продолжи да се дополнува и ажурира во рамките на следните проекти на Метаморфозис во оваа област.

Веб-сајтот содржи многу корисни нешта за децата и тинејџерите, нивните родители и наставници. Тука ќе најдете совети и насоки за безбедно уживање во благодатите на интернетот, општи информации за интернетот како медиум, можностите што ги нуди, опасностите што со себе ги носи и начините како да се заштитиме од нив.

## Корисни веб-сајтови за повеќе информации

**http://parental-control-software.topchoicereviews.com**
Рецензија на најдобриот комерцијален софтвер за родителска контрола за 2008 година

**http://www.netsmartz.org**
Дел од националниот центар за исчезнати и злоупотребени деца и нивна заштита, кој опфаќа едукација за безбедно користење интернет наменета за сите возрасни категории

**http://www.kidsmart.org.uk**
Веб-сајт со практична програма за безбедност на интернет наменета за училишта, млади луѓе, родители и агенции

**http://www.saferinternet.org**
Insafe е мрежа од национални јазли кои ја координираат свесноста за безбедноста на интернет во Европа

**http://teachtoday.eu**
Одличен повеќејазичен веб-сајт, кој обезбедува ресурси за наставниците на темата: одговорно и безбедно користење на новите комуникациски технологии

**http://www.childnet.com**
Непрофитна организација која соработува со други за да помогне интернетот да стане одлично и безбедно место за децата

**http://www.getnetwise.org**
Јавен сервис кој придонесува интернет-корисниците да имаат безбедни, конструктивни, едукативни и забавни искуства на интернет

**http://www.media-awareness.ca**
Едукативни ресурси за медиумите и интернетот

**http://www.besafeonline.org**
Информации за сите познати форми на комуникација на интернет, опасности и проблеми кои се јавуваат при нивното користење и начини за нивно избегнување и справување

**http://www.cybersmart.gov.au/**
Едукативен ресурсен центар за безбедно користење на новите технологии

Првото издание на водичот „Безбедно на интернет" е објавено во рамките на проектот „Заштита и безбедност на децата и нивните права на интернет" финансиран од Европската Унија.

Ова издание е испечатено со поддршка од ФООМ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Автор на текстот: Ирина Шумадиева
Лектура: Маја Катарова

Авторот и Метаморфозис ги задржуваат авторските права врз текстовите објавени во овој водич.
(Второ издание на македонски јазик: април 2012)

Содржините се објавуваат во дигитална форма под лиценцата Криејтив Комонс: Наведи извор-Некомерцијално-Без адаптирани дела. 2.5 Македонија

http://creativecommons.org/licences/by-nc-nd/2.5/mk

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

Метаморфозис е независна, непартиска и непрофитна фондација со седиште во Скопје, Република Македонија. Мисијата на Метаморфозис е да придонесе за развој на демократијата и подобрување на квалитетот на живеење преку иновативна примена и ширење на знаењето. Наши главни вредности се отвореност, еднаквост и слобода.

Адреса за контакт:
ул. „Апостол Гусларот" бр. 40
1000 Скопје, Македонија
телефон: +389 2 3109 325
факс: +389 2 3109 325
е-пошта: info@metamorphosis.org.mk
веб-сајт: www.metamorphosis.org.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
004.738.5.056.5-053.2(036)
ШУМАДИЕВА, Ирина
Безбедно на интернет / [автор на текстот Ирина Шумадиева]. - Скопје : Фондација Метаморфозис, 2012. - 16 стр. : илустр. ; 30 см. - (Водич за ИКТ на Метаморфозис ; бр. 5)
ISBN 978-608-4564-30-0
а) Интернет - Безбедност - Деца - Водичи
COBISS.MK-ID 91042058